Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 08.12.2022

На 07.12.2022 во 23.22 часот на паркинг кај спортски центар на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода П.К.(20) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.12.2022 во 21.45 часот во близина на спортски центар на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Р.(24) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.12.2022 во 14.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Ц.(20) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.12.2022 во 14.20 часот на подрачјето на Карпош, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода малолетник од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.12.2022 во 12.27 часот било пријавено дека во Прилеп, на крстосницата на ул. „Кузман Јосифоски" со бул.„Гоце Делчев", патничко возило „цитроен берлинго" со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.Т.(54) од Прилеп, удрило во малолетен пешак од с.Мало Коњаре. Во несреќата малолетничката се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница во Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 07.12.2022 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош З.П.(34) од с.Идризово, скопско пријавил дека во кругот на касарната Илинден бил каснат од куче скитник.

На 07.12.2022 во 16.30 часот во Гевгелија од полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гевгелија бил лишен од слобода Р.Ј.(27) од Гевгелија, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана, грутчеста и прашкаста кафеава материја и поголем износ на пари. Малку подоцна со судска наредба бил извршен претрес во неговиот дом во Гевгелија, при што биле пронајдена импровизирана мини лабораторија со саксии со канабис, како и марихуана и семки од канабис. Пронајдените предмети се предадени за вештачење, а по целосно документирање на случајот, заедно со кривичната пријава, Р.Ј. ќе биде изведен пред судија на претходна постапка.

Денеска (08.12.2022) во 07.45 часот на бул.„ВМРО" на подрачјето на Центар, полициски службеници од тим Потраги од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар, во содејство со полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода Р.С.(32) од Скопје. Тој бил осуден на казна затвор во времетраење од 2 години и 6 месеци, а се барал по централна потерница, по наредба на Казнено-поправна установа Затвор Идризово за доиздржување на казната. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправната установа.

На 07.12.2022 во СВР Скопје од Итна медицинска помош било пријавено дека во погон на бул.„Трета македонска бригада" во Скопје, на еден од меѓукатовите, бил пронајден починат Ѓ.Ѓ.(61) од с.Долно Лисиче, скопско, вработен во погонот. Од лекар од Итна медицинска помош е констатирана смрт. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото ќе биде предадено за одлукување.

На 07.12.2022 во 21.30 часот во Тетово на ул.„Гоце Делчев" од полициски службеници од СВР Тетово бил приведен Ѓ.С.(35) од Тетово, постапувајќи по пријава од Б.И.(23) од с.Порој, тетовско, според која околу 21.00 часот тој физички го нападнал. Исто така, нешто подоцна, Н.К. од Тетово пријавил дека бил физички нападнат од Ѓ.С.. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (08.12.2022) во 06.30 часот во Полициска станица Центар, С.П.(28) од Скопје пријавил дека околу 06.00 часот, во близина на фонтаната во Градскиот парк во Скопје, на подрачјето на Центар, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.12.2022 во 14.45 часот во Тетово на ул.„29 Ноември" полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Н.Ј.(48) од Тетово, кој претходно го оштетил поставениот блокатор на неговото возило и агресивно се однесувал кон полициски службеници и работени во ЈП Градски паркинг. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (08.12.2022) во 11.00 часот на бул.„Илинден" во близина на хотел на подрачјето на Центар, Скопје, за време на прес конференција во врска со најавен протест, од полициски службеници од СВР Скопје е приведена П.Ц.(62) од Скопје, која го нарушила јавниот ред и мир, со агресивно однесување кон присутните и кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.12.2022 во 20.45 часот во Полициска станица Кисела Вода А.А.(42) од Скопје пријавил дека околу 19.30 часот пред неговиот дом на подрачјето на Кисела Вода, поради нерасчистени должничко-доверителски односи, бил физички нападнат од В.П., Ј.Н. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.12.2022 во 10.00 часот во Полициска станица Бит Пазар, Л.Х.(31) од Скопје пријавила дека на 04.12.2022 околу 21.50 часот пред нејзиниот стан на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.12.2022 во 23.45 часот во Прилеп од полициски службеници од Полициската станица Прилеп биле лишени од слобода Е.А.(42), А.А.(18) и А.А.(20), сите од Прилеп, поради тоа што около 20.00 часот, по претходно недоразбирање, физички ги нападнале Н.А.(42) од Прилеп, неговата сопруга и неговиот син, при што употребиле тврди и остри предмети и му го оштетиле и неговото патничко возило.

На 07.12.2022 во Полициска станица Карпош е пријавено дека во Јавна установа за згрижување деца се вратил нивниот штитеник Р.Ѓ.(17), кој на 05.12.2022 е пријавен дека се оддалечил од установата.

На 08.12.2022 во 10.50 часот во ОВР Кичево, З.Ј.(58) од кичевското село Другово пријави дека на улицата „Магистрален пат" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 07.12.2022 во 23.21 часот било пријавено дека во угостителски објект во Штип, по претходна меѓусебна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Ј.(36) и К.Ј.(52), од една страна, и Д.И.(29) од друга страна, сите од Штип. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.С.(21) од с.Јажинце, тетовско, А.А.(22) од Тетово и Д.С.(22) од с.Горно Седларце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 05.02.2022, полициски службеници извршиле преглед над третопријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана. На 16.02.2022, полициски службеници извршиле преглед над прво и второпријавениот, при што и кај нив била пронајдена и одземена марихуана.

На 07.12.2022 во 23.00 часот во СВР Скопје, С.М.(41), М.Т.(35) и В.Т.(53) сите три од скопско, пријавиле дека во периодот од 12.30 до 12.40 часот во автобус со бр.65 во Скопје, додека сообраќал од с.Сингелиќ, скопско до трговски центар на подрачје на Гази Баба, нивните три малолетни синови биле физички нападнати од повеќе лица, кои им се заканувале и навредувале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.12.2022 во 03.30 часот В.Н.(22) од Битола пријавил дека околу 00.20 часот, во угостителски објект во Битола бил физички нападнат од А.Т. кој потоа со остар предмет му упатувал закани. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.12.2022 во 13.00 часот во Полициска станица Гази Баба, С.С.(45) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината мајка З.Д.(78) од с.Стајковци, скопско. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.К.(19) од Косово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 02.12.2022, пријавената се пријавила на излез од Република Северна Македонија и од извршените проверки било утврдено дека поседува фалсифицирана италијанска лична карта и италијанска здравствена легитимација, за кои изјавила дека ги набавила од непознато лице за 1.000 евра.

На 07.12.2022 во 16.00 часот Љ.А.(63) од Македонски Брод пријавил дека во Македонски Брод бил физички нападнат од С.Ѓ. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.12.2022 во 14.00 часот во Полициска станица Карпош е пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца се оддалечил нивниот штитеник Р.Ц.М.(15) кој и претходно се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.12.2022 во 17.30 часот 47-годишна жена од с.Пепелиште, неготинско, пријавила дека нејзиниот малолетен син бил физички и психички малтретиран од двајца негови соученици, кои му одземале пари кои си носел со себе. На 05.12.2022 со закана му побарале пари, кои малолетникот на 06.12.2022 ги зел од дома и им ги дал, без знаење на родителите. За случајот е запознаен Јавен обвинител и се преземаат мерки за негово расчистување.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.Т.(61) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 13.10.2022 на регионалниот пат Тетово-Јажинце, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што констатираше дека тој врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

На 07.12.2022 во 10.30 часот П.Т.(80) од Тетово пријавил дека на ул.„Благоја Тоска" бил нападнат од неколку кучиња скитници, по што паднал и се здобил со повреди констатирани во Клиничката болница во Тетово.

На 07.12.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Прилеп Е.А.(40) од с.Лажани, прилепско, пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка Е.А.(17). По кажување на пријавителот, таа заминала со Д.С. во с.Црквино, велешко, со кого била во љубовна врска. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 08.12.2022 во 01.30 часот во Полициско одделение Матејче, 60-годишен жител на кумановско село пријавил дека на 07.12.2022 околу 21.35 часот, додека бил во неговата куќа заедно со сопругата и нивната 21-годишна ќерка, дошол неговиот поранешен зет Д.С. од с.Орланце, скопско, со уште едно лице, физички ја нападнале ќерката и со закана со оружје ја одвеле од домот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.12.2022 13.15 часот во Полициска станица Драчево, А.С.(47) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека од залутано зрно му биле оштетени соларни панели поставени на покрив од фирма во селото. Увид извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.К.(41) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавената, за време на епидемија на заразна болест прогласена на територијата на Република Северна Македонија, постапила спротивно на одлуката за превентивни препораки, времени мерки за изолација.